ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА
Претседател на Младинска комисија
Ајетали Дервиши

ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА
СКОПЈЕ
Бр. 0802-904/7
27.05.2015 год.

ФФМ

**ФудбалскаФедерација на Македонија**
**Втора Пом.Пион-17 коло**
**Скопје: 27.05.2015**

Врз основа на член 121 од Дисциплински правилник на ФФМ ,постапувајќи по пријава од Младинската комисија на ФФМ,Дисциплинската комисија на ФФМ врз основа на член 35 од Дисциплинскиот правилник на ФФМ на седницата одржана на ден 27.05.2015 година донесе:

## О Д Л У К А

1 **Пешев Давид** фудбалер на Ф.К.Силекс се казнува со забрана на играње на 1 (еден) првенствен или куп натпревари.
2 Казната тече од 24.05.2015 година.
3 Одлуката да се достави на знаење и извршување и да се објави во службеното гласило на ФФМ-МАК ФУДБАЛ.

## О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Дисциплинската комисија на ФФМ постапувајки по пријавата на Младинската комисија на ФФМ,врз основа на изјавите на службените лица дадени во записникот на натпреварот од Втората Помл.Пионерска Лига во сезона 2014-2015 помеѓу:
Ф.К.Силекс -ФК Скопје одиграна на ден 23.05.2015 година констатира:
Од главниот судија бил исклучен фудбалерот **Пешев Давид со ИД.бр.120513** фудбалер на Ф.К.Силекс , исклучен втор ж.карт прв 9 мин. и втор во 62 ми. Неспортско однесување.

При вака утврдена фактичка состојба и со примена на одредбите на Дисциплинскиот правилник на ФФМ донесена е Одлука како во диспозитивот.

**ПОУКА**:Незадоволната страна има право на жалба до Комисијата за жалби на ФФМ во рок од 3 (три) дена од денот на приемот на ова Одлука преку овој орган до Комисијата за Молби и жалби со уплата на такса од 6000.00 денари на жиро сметка ФФМ 300000001599760 Комерцијална Банка АД Скопје .Со жалбата задолжително се доставува доказ за извршена уплата на таксата.

**Доставено до:**
- Ф.К.,,Силекс"
-Макфудбал
-Архива

**ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА**
Дисциплинска комисија
Бесими Блерим

ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА
СКОПЈЕ
Бр. 1802-904/8
27.05.2015 год.

**Фудбалска Федерација на Македонија**
**Втора лига ПИОНЕРИ -17 Коло**
**Скопје: 27.05.2015**

Врз основа на член 34 од Пропозиции за млади категори ,Дисциплинската комисија на седницата одржана на ден 27.05.2015 година донесе:

**О Д Л У К А**

1 **Ф.К ”Младост** се казнува со автоматска парична казна од 30 евра (во денарска противвредност на денот на уплатата) а фудбалерот **Илоски Климент** , се предава на Дисциплинска комисија.
2 Автоматската парична казна клубот е должен да ја уплати во рок од 10 дена од денот на одигрување на натпреварот на жиро –сметка на ФФМ 300000001599760 Комерцијална банка АД –Скопје.
3 Одлуката е конечна и не подлежи на жалба.
4 Одлуката да се достави на знаење и извршување и да се објави во службеното гласило на ФФМ-МАК ФУДБАЛ.

**О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е**

Младинската комисија на ФФМ,врз основа на изјавите на службените лица дадени во записникот од натпреварот на Втората Пионерска лига сезона 2014-2015 помеѓу : ФК.Младост – Ф.К.Тиквеш, одиграна на ден 23.05.2015 година констатира:
Од главниот судија бил исклучен фудбалерот **Илоски Климент ИД.бр.113318 фудбалер на Ф.К.Младост ,**исклучен во мин. со втор жолт-црвен картон поради неспортско однесување.

При вака утврдена фактичка состојба и со примена на одредбите на Дисциплинскиот правилник на ФФМ донесена е Одлука како во диспозитивот.

**Доставено до**:
- Ф.К.Младост
-Макфудбал
-Архива
-Финанси

ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА
Претседател на Младинска комисија
Ајетали Дервиши

ФФМ

ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА СКОПЈЕ Бр. 0802-904/6 27.05.2015 год.

**ФудбалскаФедерација на Македонија**
**Втора Кадетска-17 коло**
**Скопје: 27.05.2015**

Врз основа на член 121 од Дисциплински правилник на ФФМ ,постапувајќи по пријава од Младинската комисија на ФФМ,Дисциплинската комисија на ФФМ врз основа на член 40 од Дисциплинскиот правилник на ФФМ на седницата одржана на ден 27.05.2015 година донесе:

**О Д Л У К А**

1 **Илоски Климент** фудбалер на Ф.К.Младост се казнува со забрана на играње на 2 (два) првенствен или куп натпревари.
2 Казната тече од 24.05.2015 година.
3 Одлуката да се достави на знаење и извршување и да се објави во службеното гласило на ФФМ-МАК ФУДБАЛ.

**О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е**

Дисциплинската комисија на ФФМ постапувајки по пријавата на Младинската комисија на ФФМ,врз основа на изјавите на службените лица дадени во записникот на натпреварот од Втората Пионерска Лига во сезона 2014-2015 помеѓу:
Ф.К.Младост -ФК Тиквеш одиграна на ден 23.05.2015 година констатира:
Од главниот судија бил исклучен фудбалерот **Илоски Климент со ИД.бр.113318** фудбалер на Ф.К.Младост , исклучен во 58 минута со директен-црвен картон поради груба игра.

При вака утврдена фактичка состојба и со примена на одредбите на Дисциплинскиот правилник на ФФМ донесена е Одлука како во диспозитивот.

**ПОУКА**:Незадоволната страна има право на жалба до Комисијата за жалби на ФФМ во рок од 3 (три) дена од денот на приемот на ова Одлука преку овој орган до Комисијата за Молби и жалби со уплата на такса од 6000.00 денари на жиро сметка ФФМ 300000001599760 Комерцијална Банка АД Скопје .Со жалбата задолжително се доставува доказ за извршена уплата на таксата.

**Доставено до:**
- Ф.К.,,Младост"
-Макфудбал
-Архива

**ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА**
Дисциплинска комисија
Бесими Блерим

ФФМ

ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА СКОПЈЕ
Бр. 1602-906/3
27.05 2015 год.

**Младински фудбал**

*Врз основа на член .35 од Пропозиции за млади категори , на седницата одржана на ден 27.05. 2015 година Младинската комисија донесе:*

## О Д Л У К А

1 Ф.К"Хоризонт "- Турново се казнува со автоматска парична казна од 30 евра (во денарска противвредност на денот на уплатата)а фудбалерот Јакимов Христијан се предава на Дисциплинска комисија.
2 Автоматската парична казна клубот е должен да ја уплати во рок од 10 дена од денот на одигрување на натпреварот на жиро –сметка на ФФМ 300000001599760 Комерцијална банка АД –Скопје.
3 Одлуката е конечна и не подлежи на жалба.
4 Одлуката да се достави на знаење и извршување и да се објави во службеното гласило на ФФМ-МАК ФУДБАЛ.

## О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Младинската комисија на ФФМ, врз основа на изјавите на службените лица дадени во записникот на натпреварот од 18 -то коло во Младинската Супер лига помеѓу: - ,,ФК Хоризонт-Турново'' - ,,ФК Академија Пандев " одиграна на ден 25.05.2015 година констатира:
Од главниот судија бил исклучен **Јакимов Христијан Ид.Бр. 102070** играч на ФК Хоризонт Турново со втор жолт – црвен картон во 45+1 мин.
Истиот се предава на ДК а ФК Хоризонт - Турново се казнува со автоматска парична казна од 30 еур.

При вака утврдена фактичка состојба и со примена на одредбите на правилникот за натпреварување на ФФМ донесов Одлука како во диспозитивот.

**Скопје, 27.05.2015**

**Доставено до:**
-Ф.К."Хоризонт" - Турново
-Макфудбал
-Архива

**ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА**
Младинска комисија
Претседател
Ајетали Дервиши с.р.

ФФМ

ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА СКОПЈЕ
Бр.0802-904/4
27.05 2015 год.

**ФудбалскаФедерација на Македонија**

**Скопје:27.05.2015**

Врз основа на член 121 од Дисциплински правилник на ФФМ ,постапувајќи по пријава од Младинската комисија на ФФМ,Дисциплинската комисија на ФФМ врз основа на член 35 од Дисциплинскиот правилник на ФФМ на седницата одржана на ден 27.05.2015 година донесе:

**О Д Л У К А**

1 **Јакимов Христијан** фудбалер на Ф.К.Хоризонт Турново АД, се казнува со забрана на играње на 1 (еден) првенствен или куп натпревар.
2 Казната тече од 26.05.2015 година.
3 Одлуката да се достави на знаење и извршување и да се објави во службеното гласило на ФФМ-МАК ФУДБАЛ.

**О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е**

Дисциплинската комисија на ФФМ постапувајки по пријавата на Младинската комисија на ФФМ,врз основа на изјавите на службените лица дадени во записникот на натпреварот од Младинска Супер лига 2014-2015 година помеѓу:Ф.К.Хоризонт Турново АД-Ф.К.Академија Пандев,одиграна на ден 25.05.2015 година констатира:
Од главниот судија бил исклучен фудбалерот **Јакимов Христијан со ИД.бр.102070** фудбалер на Ф.К.Хоризонт Турново АД, исклучен во 42 минута од натпреварот со втор жолт-црвен картон поради недозволен старт.

При вака утврдена фактичка состојба и со примена на одредбите на Дисциплинскиот правилник на ФФМ донесена е Одлука како во диспозитивот.

**ПОУКА**:Незадоволната страна има право на жалба до Комисијата за жалби на ФФМ во рок од 3 (три) дена од денот на приемот на ова Одлука преку овој орган до Комисијата за Молби и жалби со уплата на такса од 6000.00 денари на жиро сметка ФФМ 300000001599760 Комерцијална Банка АД Скопје .Со жалбата задолжително се доставува доказ за извршена уплата на таксата.

**Доставено до:**
- Ф.К."Хоризонт Турново АД"
-Макфудбал
-Архива

**ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА**
Дисциплинска комисија
Бесими Блерим

ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА
СКОПЈЕ
Бр. 0802-904/13
27.05 2015 год.

**Фудбалска Федерација на Македонија**

**Скопје-27.05.2015**

Врз основа на член 58 и 59 точка 1 став 1 и 2 од Дисциплински правилник на ФФМ, постапувајќи по пријава од Младинската комисија на ФФМ,Дисциплинската комисија на ФФМ на седницата одржана на ден 27.05.2015 година донесе:

## О Д Л У К А

1 **Младинската екипа на Ф.К.Тиквеш**, се казнува со казна од 200 ЕУ (во денарска против вредност на денот на уплатата)

2 **Казната тече од 27.05.2015 год.**

3 Одлуката да се достави на знаење и извршување и да се објави во службеното гласило на ФФМ-МАК ФУДБАЛ.

## О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Дисциплинската комисија на ФФМ постапувајки по пријавата на Младинската комисија на ФФМ,врз основа на Дисциплинскиот правилник го казнува Младинската екипа на Ф.К.Тиквеш поради не одигрување на првенствен натпревар од Втората лига 16 коло,помеѓу ГФК Брегалница-ФК Тиквеш кој требаше да се одигра на ден 09.05.2015 констатирано е дека ФК Тиквеш не отпатувал во Штип за да го одигра натпреварот,.

При вака утврдена фактичка состојба и со примена на одредбите на Дисциплинскиот правилник на ФФМ донесена е Одлука како во диспозитивот.

**ПОУКА**:Незадоволната страна има право на жалба до Комисијата за жалби на ФФМ во рок од 3 (три) дена од денот на приемот на ова Одлука преку овој орган до Комисијата за Молби и жалби со уплата на такса од 12000.00 денари на жиро сметка ФФМ 300000001599760 Комерцијална Банка АД Скопје .Со жалбата задолжително се доставува доказ за извршена уплата на таксата.

**Доставено до:**
- Ф.К.Тиквеш
-Макфудбал
-Архива

**ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА**
Дисциплинска комисија
Бесими Блерим

ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА
СКОПЈЕ
Бр. 0802-904/14
27.05.2015 год.

**Фудбалска Федерација на Македонија**

**Скопје-27.05.2015**

Врз основа на член 58 и 59 точка 1 став 1 и 2 од Дисциплински правилник на ФФМ, постапувајќи по пријава од Младинската комисија на ФФМ,Дисциплинската комисија на ФФМ на седницата одржана на ден 27.05.2015 година донесе:

**О Д Л У К А**

1. **Кадетската екипа на Ф.К.Тиквеш**, се казнува со казна од 200 ЕУ (во денарска против вредност на денот на уплатата)
2. **Казната тече од 27.05.2015 год.**

3. Одлуката да се достави на знаење и извршување и да се објави во службеното гласило на ФФМ-МАК ФУДБАЛ.

**О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е**

Дисциплинската комисија на ФФМ постапувајки по пријавата на Младинската комисија на ФФМ,врз основа на Дисциплинскиот правилник го казнува кадетската екипа на Ф.К.Тиквеш поради не одигрување на првенствен натпревар од Втората лига 16 коло,помеѓу ГФК Брегалница-ФК Тиквеш кој требаше да се одигра на ден 09.05.2015 констатирано е дека ФК Тиквеш не отпатувал во Штип за да го одигра натпреварот,.

При вака утврдена фактичка состојба и со примена на одредбите на Дисциплинскиот правилник на ФФМ донесена е Одлука како во диспозитивот.

**ПОУКА**:Незадоволната страна има право на жалба до Комисијата за жалби на ФФМ во рок од 3 (три) дена од денот на приемот на ова Одлука преку овој орган до Комисијата за Молби и жалби со уплата на такса од 12000.00 денари на жиро сметка ФФМ 300000001599760 Комерцијална Банка АД Скопје .Со жалбата задолжително се доставува доказ за извршена уплата на таксата.

**Доставено до:**
- Ф.К.Тиквеш
-Макфудбал
-Архива

**ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА**
Дисциплинска комисија
Бесими Блерим

штембил на клубот                                                        штембил на ОФС

Врз основа на член 14,15,20 и 28 од Законот за работните односи (Сл.весник бр.34 од 17.02.2014 година) член 31-а од Законот за спорт (Сл.Весник 29/2002, 81/2008 измени и дополнувања) и одредбите на Правилникот за регистрација, статус и трансфер на фудбалери на ФФМ се склучува следниот:

## ДОГОВОР ЗА ВРАБОТУВАЊЕ НА ФУДБАЛЕР ЗА ПРОФЕСИОНАЛНО ЗАНИМАВАЊЕ СО ФУДБАЛ бр.__________

(број на договор)

помеѓу:

**1.** ______________________________________________

**(цел назив на ФК)**

со седиште во ______________________________________
на ул. _____________________________________________
со ЕМБС ____________ЕДБ___________________ИД(комет)_________
претставуван од овластено лице ___________________________
(во понатамошниот текст "Работодавач/клуб")

и

**2.** ______________________________________________

(Име, име на родител и презиме на фудбалерот)

со ЕМБГ ________________________ , ИД број____________________

бр. на пасош____________издаден од____________важи до_________
(за странски државјани )

место на раѓање ____________________________________
живеалиште на адреса _______________________________
(адреса од лична карта/пасош)

поранешен член на клубот
(ФК)_______________________________________________
______________________________ од____________________

(во понатамошниот текст "фудбалер")

*Значење на термини во рамките на овој договор:*

***фудбалер*** *– професионален фудбалер кој склучил Договор за вработување на фудбалер за професионално занимавање со фудбал.*
***Работодавач/клуб*** *– фудбалски клуб кој согласно актите на ФФМ има право да склучува Договор за вработување на фудбалер за професионално занимавање со фудбал (професионален договор)*
***договор/професионален договор*** *– претставува овој договор и анексите склучени по неговото потпишување кои ја менуваат или дополнуваат неговата содржина (без притоа да ги нарушат принципите и*

| | | |
|---|---|---|
| потпис на фудбалерот/родителот | потпис на посредникот/застапникот | потпис на овл.лице на работодавачот |

*задолжителните одредби на овој договор) ,верификувани на пропишан начин.*
***преоден рок*** *– трансфер период определен со аките на ФФМ*
***фудбалски правила*** *– Статут(и), Правилници, одлуки, заклучоци на релевантните фудбалски субјекти –, Општински фудбалски сојуз(ОФС), Фудбалска федерација на Македонија(ФФМ), Унијата на европски фудбалски асоцијации(УЕФА), Федерацијата на меѓународни фудбалски асоцијации(ФИФА).*

*Предмет на договорот*

**Член 1**

Со овој Договор се уредуваат правата, обврските и одговорностите од работен однос на Договорните страни.

**Член 2**

Договорните страни при утврдување на правата, обврските и одговорностите од работен однос се обврзуваат да ги почитуваат одредбите на Законот за работни односи и другите закони на Р.Македонија, Меѓународните договори што ја обврзуваат Република Македонија, актите на Работодавачот, фудбалските правила на ОФС ________________________, ФФМ, УЕФА, ФИФА како и одлуките на релевантните арбитражните тела.

*времетраење на договорот*

**Член 3**

Со овој Договор, договорните страни засноваат работен однос на определено време согласно условите предвидени во овој Договор.

**Член 4**

Овој договор е склучен на ден___________ и согласно одредбите на Правилникот за регистрација, статус и трансфер на фудбалери на ФФМ формално истекува пред почеток на преодниот рок односно на ____________година.

Согласно одредбите на Правилникот за регистрација, статус и трансфер на фудбалери на ФФМ договорот е склучен за период од ___(____) години и ____(____) месеци.

Склучениот договор задолжително се објавува во Макфудбал од кога произведува и правно дејство во фудбалската организација.

*Обврски на работодавачот(клубот)*

**Член 5**

Работодавачот(клубот) има обврска:

- да го пријави вработувањето на фудбалерот во Агенција за вработување на РМ.
- да му исплаќа на фудбалерот плата и други примања согласно закон и Правилникот за наградување на клубот, кој е составен дел на овој договор.

| | | |
|---|---|---|
| потпис на фудбалерот/родителот | потпис на посредникот/застапникот | потпис на овл.лице на работодавачот |

- да му овозможи на фудбалерот редовно остварување права од социјално осигурување (здравствено, инвалидско и пензиско).
- да му обезbеди на фудбалерот осигурување од спортска повреда
- да му обезбеди на фудбалерот неопходни услови за тренинг, натпревар и подготовки.
- да му обезбеди на фудбалерот неопходни материјални и стручно – педагошки услови за усовршување, посетување на задолжителна настава/едукација во согласност со националното законодавство,
- да му обезбеди на фудбалерот слободен пристап до работните простории- соблекувални/терен/сала;
- да обезбеди услови за безбедност и здравје при работа согласно законските и подзаконските акти за безбедност и здравје при работа.
- да ја штити и почитува личноста и достоинството на фудбалерот и неговите лични податоци.
- личните податоци да ги собира,обработува и пренесува на трети лица само во согласност со закон или ако тоа е потребно заради остварување на правата и обврските кои произлегуваат од овој договор.
- да му овозможи користење на платен годишен одмор
- ______________________________________________________
- ______________________________________________________
- ______________________________________________________.

(договорните страни можат да договорат дополнителни обврски на работодавачот во согланост со позитивните законски прописи на РМ и фудбалските правила).

*Обврски на фудбалерот*

**Член 6**

Фудбалерот се обврзува дека:

- Редовно ќе учествува и ќе се залага на сите тренинзи, подготовки и натпревари на клубот;
- Ќе ги следи упатствата на тренерот за квалитетно извршување на работните задачи како фудбалер;
- Ќе се придржува на распоредот на тренинзи, натпревари и други активности за кои претходно бил писмено известен од надлежно лице;
- Ќе ги почитува правилата на клубот ,редот и дисциплината, правилата на фудбалската игра и ќе се однесува во спортски дух према учесниците во играта и службените лица на натпреварот и клубот;
- Ќе одржува здрав стил на живеење и високо ниво на физичка подготвеност;
- Ќе го почитува дрес кодот на клубот , ќе присуствува на спортски и комерцијални настани со цел успешно претставување на клубот.
- Ќе се воздржува од давање изјави кои му штетат на угледот на клубот;
- Ќе се воздржува од учество во други фудбалски активности или потенцијално опасни активности по здравјето за кои нема одобрение од клубот и осигурување од повреда;
- Ќе се придржува на правилата за анти-допинг, веднаш ќе го извести клубот во случај на болест или повреда и нема да се подвргне на медицински третман без претходно да го информира клубскиот доктор(освен во итен случај);

| | | |
|---|---|---|
| потпис на фудбалерот/родителот | потпис на посредникот/застапникот | потпис на овл.лице на работодавачот |

За привремената спреченост во тренажниот процес/натпревар констатирана од друго медицинско лице, на клубот ќе му достави медицинска потврда;

- Редовно ќе врши медицинските прегледи по барање на клубскиот доктор;
- Нема да се обложува и превзема недозволени активности кои би влијаеле на текот и исходот на натпреварите;
- Ќе ги следи правилата за анти-дискриминаторска политика на федерацијата и клубот;
- Ќе се грижи за имотот/опремата која ја задолжил од клубот и истата ќе ја врати по истек/раскинување на договорот;
- На повик на овластени лица од Фудбалската федерација на Македонија во договор со клубот ќе се јави на подготовки за настап за националните репрезентации на Фудбалската федерација на Македонија.
- ______________________________________________
- ______________________________________________
- ______________________________________________

(договорните страни можат да договорат дополнителни обврски на фудбалерот во согласност со позитивните законски прописи на РМ и фудбалските правила)

**Член 7**

Во случај да не се согласува со мислењето на клубскиот доктор фудбалерот има право на друго независно медицинско мислење.

Доколку и по другото независно медицинско мислење постојат несогласувања , фудбалерот и клубот се обврзуваат да побараат трето стручно мислење кое ќе биде конечно.

**Член 8**

Клубот/ клубскиот доктор/ има обврска да чува податоци за настанати повреди на фудбалерот вклучително и повредите кои настанале за време на настап за репрезентативен тим на ФФМ.

**Член 9**

Фудбалерот ќе ги извршува работните задачи во седиштето на Работодавачот, на клубското игралиште, на сите игралишта/ објекти каде настапува или тренира екипата за која треба да настапи.

*Работно време*

**Член 10**

Фудбалерот заснова работен однос на определено време согласно член 4 од овој договор со полно работно време од 40 часа неделно,

Работното време се утврдува согласно планот и динамиката на активности на клубот усогласен со Распоредот за натпреварување во кое учество зема екипата за која фудбалерот настапува утврден од Фудбалската федерација на Македонија и објавен во стручно-информативниот лист “Макфудбал”.

Исклучок од став 2 претставува учество на екипата на пријателски натпревари и меѓународни натпреварувања кои се реализираат согласно распоред утврден од организаторот на соодветното меѓународно натпреварување.

| | | |
|---|---|---|
| потпис на фудбалерот/родителот | потпис на посредникот/застапникот | потпис на овл.лице на работодавачот |

Неоправдано непридржување на распоредот наведен во член 6 став 1 алинеа 3 значи исто што и непочитување на работно време согласно Законот за работни односи на РМ.

*Одмор*

**Член 11**

Должината на дневниот, неделниот и годишниот одмор е определена во согласност со Законот за работни односи и актите на Работодавачот согласно распоредот на работното време утврдено според тренажниот процес и распоредот на натпреварување.

**Член 12**

Годишниот одмор по правило се користи во текот на календарската година .

Работодавачот е должен на работникот да му обезбеди најмалку 20 (дваесет) работни дена годишен одмор од кои 12 работни дена годишен одмор треба да му обезбеди да ги искористи до крајот на тековната календарска година, а остатокот до 30 јуни идната година.

Годишниот одмор се користи по правило по завршување на есенскиот односно пролетниот дел од првенството во согласност со утврдениот распоред на натпреварување

Работникот има право на отсуство согласно колективен договор со надомест на плата и отсуство без надомест на плата согласно Закон и актите на работодавачот.

*Плата*

**Член 13**

Фудбалерот за извршените работни задачи има право на плата.

Работодавачот со Правилници за наградување и дисциплински мерки го регулира категоризирањето на фудбалерите, платата, наградувањето, премиите, казнувањето и др.

Месечната нето плата не може да биде помала од минималната плата утврдена во социјален/општествен дијалог меѓу клубовите и синдикатот на фудбалери ,потврдена од УО на ФФМ.

Месечната нето плата на фудбалерот изнесува______________
(______________________) денари.

Платата се исплатува еднаш месечно, најдоцна петнаесетиот ден во тековниот месец за предходниот месец на трансакциска сметка на фудбалерот.

Со секоја исплатена плата фудбалерот добива заверена писмена пресметка за бруто плата со платени придонеси согласно Закон.

*Други примања*

**Член 14**

Фудбалерот има право и на други надоместоци и примања утврдени со Закон и колективен договор:

- патни трошоци во⦿. реален износ _________ О. организирано од клубот
- храна ⦿. реален износ _________ О. организирано од клубот
-_________________________________________________________(друго)

| | | |
|---|---|---|
| потпис на фудбалерот/родителот | потпис на посредникот/застапникот | потпис на овл.лице на работодавачот |

Доколку фудбалерот е со место на живеење различно од местото во кое работодавачот ја врши својата дејност/ седиштето на клубот/, работодавачот му обезбедува на фудбалерот соодветно сместување.
- сместување ⦿.реален износ________ ○. организирано од клубот

Фудбалерот има право и на надоместоци и примања утврдени со актите на Работодавачот во случај на:
- работна успешност-индивидуално залагање, односно остварени резултати на екипата за која настапува во националното натпреварување и на меѓународни настапи согласно Правилникот за наградување на Работодавачот.
- надомест за трансфер /премин на фудбалерот во клубот/

**Член 15**

Даноците и придонесите работодавач и фудбалерот ќе ги плаќаат согласно позитивните законски прописи во Р.Македонија.

*Медиумски права*

**Член 16**

Клубот располага со правата за претставување на фудбалерот (image rights)/фотографија,снимање итн/ како дел од екипата(тимот)

Фудбалерот може индивидуално да располага со сопствените права за претставување (image rights) /фотографија,снимање доколку таквото располагање не е во спротивност со веќе постоечки договори и превземени обврски на клубот.

*Анти-допинг*

**Член 17**

Договорните страни се обврзуваат дека при извршување на обврските кои произлегуваат од овој договор доследно ќе ги почитуваат анти-допинг правилата на ФФМ, УЕФА и ФИФА.

Клубот и фудбалерот се обврзуваат дека обидот за прекршување и прекршувањето на анти-допинг правилата ќе го пријават до надлежен дисциплински орган на ФФМ.

*Имплементација на фудбалски правила*

**Член 18**

Работодавачот и фудбалерот се согласуваат да ги почитуваат фудбалските правила и релевантните колективни договори како и да ги усогласуваат одредбите од овој договор кога донесените измени во правилата и колективните договори се поповолни за фудбалерот.

*Дискриминација*

**Член 19**

Клубот го гарантира правото на слободно изразување на фудбалерот.

Клубот и фудбалерот се обврзуваат дека ќе се воздржуваат од секаков вид на дискриминаторско однесување.

Клубот и фудбалерот се обврзуваат на посветеност во активностите насочени кон анти-расизам, национално помирување и надминување на други дискриминаторски појави во фудбалот.

| потпис на фудбалерот/родителот | потпис на посредникот/застапникот | потпис на овл.лице на работодавачот |
|---|---|---|

*Отстапување на фудбалер*

**Член 20**

Во согласност со одредбите на Правилникот за регистрација, статус и трансфер на фудбалери на ФФМ и Правилникот за статус и трансфер на фудбалери на ФИФА , фудбалерот може да биде отстапен на друг клуб со привремена регистрација.

Отстапувањето од став еден на овој член се врши со согласност на фудбалерот.

Надоместокот за отстапување на фудбалерот на друг клуб како и регулирањето на правата и обврските од овој договор за времетраење на отстапувањето се утврдува со посебен Договор.

*Важење на договорот*

**Член 21**

Овој договор престанува да важи:

1. со изминување на времето за коешто бил склучен(истечен);
2. со прогласување за ништовен од страна на надлежен орган на ОФС.
3. со губење на статусот на работодавачот како прволигаш доколку истиот е неопходен за одржливост на договорот - по завршување на последното коло од тековната натпреварувачка сезона
4. со губење на статусот на правно лице на работодавач согласно позитивните законски прописи
5. со смрт на фудбалерот
6. со раскинување

*Дисциплински мерки/жалби*

**Член 22**

За непочитување на обврските на фудбалерот од овој договор, клубот може да покрене дисциплинска постапка, пропишана со Дисциплинскиот правилник на ФФМ и изрече дисциплинска санкција согласно дисциплинските правила на клубот.

Во текот на постапката фудбалерот може да избере да биде придружуван од капитенот на екипата/ синдикален претставник и застапуван од законски или правен застапник.

Фудбалерот има право на жалба на изречената дисциплинска мерка до Комисија за жалби на ФФМ.

Клубот има обврска да го запознае фудбалерот со дисциплинските правила на клубот пред потпишување на овој договор.

Клубот има обврска да го запознае фудбалерот со евентуалните измени на дисциплинските правила на клубот кои ќе настанат по потпишување на овој договор.

*Раскин на договор*

**Член 23**

За непочитување на одредби од договорот, договорните страни можат да поднесат барање за раскин на договорот од оправдани причини- по вина на една од договорните страни согласно Правилникот за регистрација, статус и трансфер на фудбалери на ФФМ.

| | | |
|---|---|---|
| потпис на фудбалерот/родителот | потпис на посредникот/застапникот | потпис на овл.лице на работодавачот |

Клубот може да поднесе барање за раскин на договорот по вина на фудбалерот врз основа на изречена клубска дисциплинска мерка потврдена од надлежен орган на ФФМ и изречена дисциплинска мерка од надлежен орган, поврзана со прекршување на анти-допинг правилата.

**Член 24**

Раскинувањето на договорот по правило се врши во преоден рок.

Исклучок од став 1 е раскинување на договор од оправдана причина/по вина/ за што се одлучува во моментот кога се исполнети условите за истото.

Раскинувањето на договорот по поднесено барање за раскинување од спортски оправдана причина и со еднострана изјава на волја се врши во рок од 15 дена од изминување на последниот првенствен/куп/официјален натпревар на клубот во тековната натпреварувачка година.

**Член 25**

Договорот се смета за раскинат доколку има:

1. одлука за спогодбен раскин
2. одлука за раскинување од страна на надлежен орган на ФФМ, по поднесено барање за раскинување од оправдана причина (по вина) и тоа:,
   - на штета на клуб
   - на штета на фудбалер
3. одлука за раскинување од страна на надлежен орган на ФФМ, по поднесено барање за раскинување од спортски оправдана причина согласно одредбите на Правилникот за регистрации, статус и трансфер на фудбалери на ФФМ.
4. изјава за еднострано раскинување доставена до клубот, ОФС и ФФМ.

Едностраното раскинување на Договорот и раскинување на договорот по поднесено барање за раскинување од оправдана причина, претставува кршење на одредбите на овој договор од страна на едната договорна страна.

Едностраното раскинување на Договорот во заштитениот период подлежи на дисциплинска одговорност согласно Правилникот за регистрација, статус и трансфер на фудбалери на ФФМ.

Страната на договорот која не е одговорна за кршење на одредбите на овој договор се стекнува со право за истакнување на оштетно побарување

*Pay out клаузула(опционално)*

**Член 26**

Во случај на еднострано изјавување на волја за раскин на овој договор,

○ независно/○ зависно (треба да се определи) од времето на раскинување на договорот

- фудбалерот ќе му исплати на работодавачот (клубот) износ во висина _______________ (_________________________) денари

| | | |
|---|---|---|
| потпис на фудбалерот/родителот | потпис на посредникот/застапникот | потпис на овл.лице на работодавачот |

Pay out клаузулата го ⦿исклучува/○ограничува (треба да се определи) правото на оштетно побарување на клубот.

(забелешка: определбата „независно" од времето на раскинување значи дека правото на оштетно побарување се исклучува. Определбата "зависно" од времето на раскинување значи дека клубот и фудбалерот со анекс ги договараат дополнителните услови)

*Измена/продолжување*

**Член 27**

Договорните страни можат да го изменат и дополнат овој договор.

Секоја измена и дополнување на овој договор која не им противречи на минималните утврдени услови се врши писмено (со анекс) и истата има важност во фудбалската организација доколку се потпише пред орган на ОФС,се верификува пред орган на ФФМ и објави во Макфудбал.

Договорните страни можат да го продолжат времетраењето на овој договор кој со продолжувањето не може да трае повеќе од 5 години односно 3 години за малолетник во согласност со став 2 на овој член.

*Надлежност во случај на спор*

(забелешка: се определува 28а или б во зависност од државјанството и договорот со фудбалерот, да се избрише непотребното)

Член 28а

(задолжителен за домашни фудбалери)
Договорните страни се согласни сите евентуални спорови што би произлегле од овој договор да ги решаваат по мирен пат.
Во случај евентуалните спорови да не можат да ги решат по мирен пат надлежен ќе биде Арбитражниот спортски национален суд на РМ ( при Македонскиот олимписки комитет).

Член 28б

Договорните страни се согласни сите евентуални спорови што би произлегле од овој договор да ги решаваат по мирен пат.
Во случај евентуалните спорови да не можат да се решат по мирен пат, надлежност во случај на спор ќе има тело на ФИФА -DRC(Dispute resolution Chamber).

*Завршни одредби*

**Член 29**

За се што не е предвидено со овој договор се применуваат позитивните законски прописи на македонското законодавство.

**Член 30**

Во случај на било какво несогласување на македонската верзија на овој договор и неговиот англиски превод, при толкувањето на одредбите на овој Договор, македонскиот текст ќе се смета за меродавен.

**Член 31**

Доколку некоја одредба содржана во овој Договор биде прогласена за потполно или делумно ништовна или неподобна за извршување, тоа нема да влијае на важноста и извршноста на другите одредби на овој Договор.

| | | |
|---|---|---|
| потпис на фудбалерот/родителот | потпис на посредникот/застапникот | потпис на овл.лице на работодавачот |

Договорните страни се согласни ништовната или неизвршна одредба да ја заменат со полноважна и извршна одредба со која ќе се постигне целта која се сакало да се постигне со ништовната или неизвршната одредба и тоа во мера во која е возможно тоа да се стори.

**Член 32**

Надележен за толкување на одредбите на овој договор е Управен одбор на ФФМ.

**Член 34**

Составен дел на овој договор се Дисциплинскиот правилник на клубот и Правилникот за наградување на клубот.

**Член 35**

Овој договор е склучен и потпишан пред Комисија за регистрации на ОФС и е заведен под матичен број_________ на ____________година.

Договорот е составен во пет истоветни примероци од кои по еден за фудбалерот, Работодавачот, за Општинскиот фудбалски сојуз, за Фудбалската федерација на Македонија и за посредникот или правниот застапник доколку учествува во склучување на договорот.

| **Фудбалер** | **Посредник/правен застапник** | **Работодавач** |
|---|---|---|
| ____________ | ____________ | ____________ |
| *Име* | *Име* | *Име* |
| ____________ | ____________ | ____________ |
| *Презиме* | *Презиме* | *Презиме* |
| ____________ | ____________ | ____________ |
| *потпис* | *потпис* | *потпис* |

Родител/старател(доколку фудбалерот е помлад од 18 години)

____________

*Име и презиме*

____________

*потпис*

| **Комисија за регистрации на ОФС** | **Надлежен орган на ФФМ за верификување на договори** |
|---|---|
| Овластено лице | Овластено лице |
| ____________ | ____________ |
| *Име и презиме* | *Име и презиме* |
| ____________ | ____________ |
| *потпис* | *потпис* |

| | | |
|---|---|---|
| потпис на фудбалерот/родителот | потпис на посредникот/застапникот | потпис на овл.лице на работодавачот |

# МАКФУДБАЛ

е стручно информативен лист на
ФУДБАЛСКАТА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА
излегува секоја СРЕДА во неделата

**Адреса: ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА**

Булевар „АСНОМ" бб
ПОШТЕНСКИ ФАХ 84
1000 СКОПЈЕ

ЖИРО СМЕТКА 300000001599760 - Комерцијална банка АД Скопје
Даночен број: 4030992177382

Телефон: 02/3204-470, 02/3129-291; Телефакс: 02/3165-448

Веб страна: **www.ffm.com.mk**
Е -маил: **ffm@ffm.com.mk**